*ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ*

*Скопје, Македонија*

# НОВИ МЕТОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ – ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БОРДОТ НА ГУВЕРНЕРИТЕ НА ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ; КАЗАН - 19 до 21 мај 2007

**Изработено од м-р Марјан Николов, Претседател на ЦЕА**

**тел: +389 (0) 70 834 636**
**факс: +389 (0) 2 2444 766**
**makmar2000@yahoo.com**
**www.cea.org.mk**

## ВОВЕД

Мисијата на ЦЕА е континуирано да го истражува економскиот развој и економската политика во Република Македонија и да нуди препораки, решенија и мерки до владата и невладините организации.

Ние од ЦЕА имаме заедничка визија за Република Македонија како нова европска економија во подем интегрирана во регионалните и светските пазари. Ние сме подготвени да го посветиме нашето време и да го пружиме нашето знаење за да видиме како оваа визија станува реалност. Нашата мисија е е континуирано да го истражуваме економскиот развој и економската политика во Република Македонија и да нудиме препораки, решенија и мерки. ЦЕА зазема активно учество во сите релевантни активности поврзани со економскиот раст и развој на Република Македонија. ЦЕА придонесе со свои коментари кон стратегиите на ЕБОР ( достапни на www.cea.org.mk ) а од друга страна тоа придонесе да ЦЕА стане активен учесник во активностите на ЕБОР. Минатата година ЕБОР – Лондон, исто така организираше работен доручек со претставници од тинк тенковите во Македонија, на којшто доручек ЦЕА оствари неколку корисни средби и разговори со претставници од седиштето на ЕБОР во Лондон.

ЦЕА е свесна за улогата и значењето на ЕБОР во Македонија. ЕБОР е важен партнер на Владата на Република Македонија. ЕБОР разви една нова инвестициона стратегија во која фокусот на Банката опфаќа активности во Русија, Западниот Балкан, Украина, Кавкаскиот регион и Централна Азија. Оваа стратегија се стреми да опфати бизнис

предизвици кои се карактеризираат со флексибилен и иновативен инвестиционен пристап.

Намерата на ЦЕА е да продолжи да има активна улога како граѓанско здружение и да прави мониторинг на развојот на Македонија и на улогата на меѓународните финансиски институции. ЦЕА ќе се обиде да биде колку што е можно поконструктивна и ќе ја понуди својата експертиза при давањето на коментари за стратегиите и за некои специфични проекти доколку тоа биде побарано.

USAID уште еднаш го препозна капацитетот на ЦЕА и ги покри трошоците (ЕБОР го покри трошокот за регистарција за НВО) за да еден претставник од ЦЕА биде присутен на овој настан.

## ЗА ПРОГРАМАТА

Темата на овогодинешниот бизнис форум *Financing at the frontier* се однесуваше на правењето бизнис и зад традиционалните дестинации на инвестирање. Целта беше да се разменат различни перспективи за инвестициониот потенцијал на растечките пазари во регионот, а особено во Русија и Татарстан.

Имаше различни инструменти за размена на информации како сесии за дискусија, панел на експерти, друштвени средби, програми за промоција на земјата, приеми и посебни сесии за претставници од НВО.

Организацијата на настанот беше одлична, а на располагање секојден и на секој половина час беа автобуси од хотелите каде беа сместени учесниците до комплексот Корстон и назад. Друштвените средби беа добро организирани и на нив присуствуваа високи претставници кои имаа интересни изјави за ценетите гости кои беа присутни.

## ОД РУСИЈА СО ЉУБОВ

Русија е богата со природни ресурси, Може ли ова да биде клучот за економската и геополитичката сила на земјата? Главната порака упатена до инвеститорите од страна на г-дин Олег Дерипаска, Претседавач на Бордот на Basic element, г-дин Сергеј Игнатиев, Гувернер на Централната банка на Руската федерација, г-дин Вагит Алекпетров, Претседател на ОАО Lukoil, како и на многу други, според мене се состоеше во следново:

1. Ние растеме и имаме намера да го одржиме тој раст во наредните децении;
2. Настојуваме да се диверзифицираме;
3. За никото ниво на земјата во однос на добра инфраструктура, енергетски ресурси, нови технологии, корпоративен и банкарски сектор се потребни капитални инвестиции од висок размер;
4. Настојуваме да ги споделиме трошоците со нашите партнери и заедно да уживаме во бенефитите.

Сепак, девизните резерви на Русија и Стабилизациониот фонд во износ од 396 $ милијарди и 153 $ милијарди респективно (податокот е за 2007); заедно со позитивната тековна сметка како и нискиот буџетски дефицит, ја оправдува приказната за можен одржлив раст на економијата, но на земјата сеуште и недостасува корпоративна софистицираност, микроекономска ефикасност и менаџмент со екстерналиите проследен со застарени и неефикасни процеси и технологии.

Добар пример беше сесијата за дискусија со работен наслов "Енергијата на градовите." Програмата беше најавена како: Градоначалниците – лидери во намалувањето на зрачењето и во заштедувањето на ресурсите, а ова за доброто на градовите и на планетата воопшто. Секако дека очекував сериозна и современа дебата, но дискусијата воопшто не се помести повеќе од куповната моќ на граѓаните, урбаните проблеми, ниските стапки на прибирање на приходите за комунални услуги, индикативните елементи на корупција во инвестициските проекти итн. Моето согледување е дека ова е чест проблем за поранешните централно - планирани економии и особено за Македонија, и имав потполно разбирање за амбицијата за дебата од ваков вид која закочи на реалните проблеми.

**НЕКОИ ПРАКТИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ**

По САД и Кина, земјите од ЕБОР се најголемите емитери на гасови од стеклената градина. Политиките за заштедување на енергијата можат во исто време да бидат од корист како за остварувањето на економски раст, така и за намалувањето на испуштањето на јаглеродниот диоксид во атмосферата.

Во споредна со земјите од Западна Европа, земјите од Централна и Источна Европа (29 земји во кои ЕБОР оперира ) употребуваат и до 7 пати повеќе енергија за да произведат една единица од GDP. Во наредните 20 години, потребите за енергија кај транзиционите земји ќе се зголемат за 80%, а тоа е енергетската ефикасност како нов потенцијален извор за нови енергетски ресурси. Пресметките кои ги направила Руската влада се дека земјата може да заштеди и до 40% од нејзината годишна потрошувачка преку подобрување на енергетската ефикасност. Бугарија може да заштеди и до 50% од своите енергетски ресурси преку промена на топлотната изолација на становите и куќите.

## ЗА ЕБОР И НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ – ПРИКАЗНА ЗА ПРИНОС НА КАПИТАЛОТ, ЕКСТЕРНАЛИИТЕ И РЕДИСТРИБУЦИЈАТА НА БОГАТСТВОТО

Невладините организации во земјите од поранешниот Советски сојуз се доволно силни и добро позиционирани во надгледувањето на активностите на ЕБОР. CEE bank watch network оперира во насока на заштита од штетните влијанија од меѓународното финансирање на развојот. Нивните акции се силни и широко прифатени од јавноста.

Една интересна студија што вреди да се спомене е за проектот за подобрување на системот за набавка на вода во Тбилиси. Министерството за здравство, труд и социјална заштита планира на секое семејство да му даде 30$ за комунални услуги. Трошоците за вода по човек се 1.2 $ па така за четворо-члена фамилија тоа би било приближно 10 $ месечно, или 120 $ годишно. Месечната плата за еден учител е приближно 60$ или 720$ годишно и согласно студиите, достапното ниво на комунални (вода и ѓубре) услуги не треба да биде над 4% од просечниот приход на едно семејство (па така, 29$ или приближно 60$ годишно доколку двата родители остваруваат ист приход ). Според тоа, субвенцијата од Владата на Грузија покрива околу ¼ од вкупната сума од 120$. Доколку земеме во предвид дека во Грузија околу 50% од луѓето живеат под границите на сиромаштија, произлегува дека е висока можноста да голем дел од популацијата остане без вода за пиење.

Проблемите од горенаведената студија беа потврдени и од семинарот за правници на тема ‵‵Помагање на транзиционите земји преку партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор′′. Искрено, јас не бев присутен на целиот семинар, но партнерството меѓу јавниот и приватниот сектор според мене се карактеризира со две пречки поради кои тешко ќе може да биде спроведено во Македонија , или во Грузија. Прво, партнерството меѓу јавниот и приватниот сектор политичарите го карактеризираат како пренасочување на целокупниот ризик за инвестирање кон приватниот инвеститор, без последици по власта, и второ приносот од инвестициите не може да се достигне (веројатност дека приносот ќе биде помал од дисконтната стапка) имајќи го во предвид квази -фискалното оптоварување и ризикот од финансирање на сиромаштијата (кој инаку би требало да биде владин). Ова е најголемата пречка која го попречува партнерството меѓу јавниот и приватниот сектор во транзиционите земји како што се Македонија и Грузија, настрана од останатите пречки како правните замки, анализа на ризикот, планирањето на капиталните инвестиции итн.

Префрлањето на одговорноста преку редистрибуција на одговорноста од владата кон инвеститорите не придонесува кон партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор, туку повеќе кон перверзно квази-фискално оптоварување за потенцијалниот инвеститор што ќе креира дополнителни конфликти во општеството.

Слични пример за проблемите во поглед на остварувањето партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор може да се најде и при планирањето на изградбата на еден автопат – Западната трансверзала како дел од IX-тиот пан-европски транспортен коридор кој ги поврзува Санкт Петерсбург и Скандинавија. Движењето за заштита на природата од Јунтолово ја обвинува ЕБОР дека не е премногу строга во поглед на процедурите поврзани со правилно подготвување на оценката на влијанието по животната средина.

Во билтенот кој го издава The CEE Bankwatch Network's е претставена една анализа на двојните стандарди и негативната улога која ја има ЕБОР и покрај одговорноста поврзана со влијанието врз околината како и влијанието во однос на проектите кои тие ги спонзорираат. Студијата покажува колку повлекувањето на ЕБОР од проектот Sakhalin II е правилна одлука но порадии погрешни причини. Имено пред неколку години, кога станало јасно дека проектот ги загрозува принципите за заштита на околината, ЕБОР не ја прекинал соработката туку одлучил да го прекине финансирањето на проектот Sakhalin II, и да рони крокодилски солзи поради преземањето од страна на Gazprom. Денес, банките и акционерите во SEIC му се додворуваат на Gazprom, преку потпишување на новата сфера на заеднички интерес - AMI како што потенцираат од Shell.

Сторијата го подржува моето мислење дека странските инвеститори освен што прават пресметување на класичниот ризик, тие дури и ги споредуваат идните очекувани приливи со високиот ризик содржан во потенцијалот на руската економија. Вложувањата се огромни, па така на прашањата поврзани со заштитата на околината се гледа како на луксуз којшто треба да биде надминат по било која цена.

Слабите владини институции, неефикасните регулаторни тела, како и јавноста која што е блиску до линијата на сиромаштија, се немоќни да се спротивстават на таквото однесување. Ова се однесува и за Македонија, но овде може да се додаде и дека ситуацијата е уште полоша поради фактот дека невладиниот сектор е многу послаб, а вниманието на креаторите на јавното мислење (најповеќе од новинарите) е свртено кон прашања поврзани претежно со политиката. Во една окружување како што е во Македонија, кадешто новинарите сакаат да се политичари, а политичарите новинари, прашањата за економијата и заштита на човековата околина се сметаат со најнизок приоритет.

## ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

Интересен е податокот дека според весникот Financial times ризикот за инвестирање во Русија е занемарен од 1998та па се до денес, а банките од Wall Street се во натпревар која од нив да заземе дел од рускиот потенцијал. Како и да е, според Руските банкари ненадејна реализација на значењето на Русија и натпреварот може придонесе кон зголемување на ризикот.

Исто така, не постои консензус во формалните, но и во неформалните дебати во поглед на Руското општество/економија. Постои противречност во мислењата дека Русија е сеуште ризична за инвестирање како резултат на недостатокот на демократија, па се до мислење одразено во реченицата дека "Русија ќе расте во наредните 50 години. Тоа е приказна во која вреди да се биде дел бидејќи Русите ги враќаат парите од странство назад во руската економија што е и знак за потенцијален раст во иднина" ( г-дин Jack Barbanel, главен извршен директор на Moorgate Capital Management Trust-Banking Group).

Моите впечатоци додека патувавме со автобус беа дека стереотипните стории и дискусии за Руското општество за време на ерата на Советскиот сојуз од една страна и концентрацијата на луѓето од светските финансиски центри од друга, ми кажуваа дека инвеститорите преминуваат преку вообичаениот менаџмент со ризикот на инвестирање со желба да бидат дел од антиципираните профити од инвестирањето во Русија не само во енергетскиот сектор и инфраструктурата туку и на полето на финансиски услуги (а се со цел да се помогнат инвеститорите кои доаѓаат од нивните земји) и на таков начин индиректно да се помогне во диверзифицирањето на Руската економија.

## РЕЛЕВАНТНОСТ ЗА МАКЕДОНИЈА

Патувањето во Казан за мене беше едно искуство кое ми озвозможи да се стекнам со појасен поглед кон светот на финансиите и кон процесот на донесување на одлуки во светот на мултимилионските бизниси. Софистицираноста на инструментите, најголемата движечка сила – приносот на инвестициите – бара институции од доверба како и силно јавно мислење за поправична редистрибуција како со тек на време, така и меѓу самите сектори.

Бев присутен за време додека се презентираа земјите од Балтичкиот регион. Нивната презентација беше заедничка без некои политички реторики за ЕУ и НАТО фразеологијата. Спротивно на тоа, Македонската влада која беше претставувана од Министерот за финансии, Трајко Славески, не ја испушти можноста да наведе колку ние напредуваме во поглед на интеграцијата во ЕУ и НАТО и како центродесничарска влада дојде на власт минатата година. Сепак, оние кои ја следеа презентацијата на Македонија беа повеќе заинтересирани за практични прашања за даночната стапка од данокот на наследство, дали им е дозволено да купат земја во Македонија, како Македонија ќе ја прослави можната канонизација на Мајка Тереза. [1]

Имав можност да ги прочитам презентациите во Microsoft Word на Република Словачка, Хрватска, Франција, Велика Британија и Русија.

---

[1] Во 1999, Папата објави дека традиционалниот период од пет години за почеток на процесот на беатификација за неа е отпочнат. Оттогаш, преку истражувањето на животот на Мајка Тереза се докажа дека барем едно чудо може да и се припише на нејзината работа. Уште едно мора да биде докажано пред таа да биде верификувана за светец, чекор кој експертите од Ватикан очекуваат да се случи до 2010та година.

Имав впечаток дека нашата презентација беше во многу ограничена со многу приказни за реформи, а со малку информации што тоа значи за инвеститорите. Исто така, не можам да се согласам дека крајната цел на реформите во Македонија (како што беше наведено во изјавата на премиерот) треба да биде целосна интеграција во ЕУ и НАТО. Крајната цел треба да бидат подобри услуги како и подобар животен стандард за граѓаните на Република Македонија. Не е за изненадување фактот дека Македонците го мерат животот поминат во транзиција преку ниска доверба во општеството како и со големо незадоволство.

За тековните проблеми со кои се соочува Македонија постојат конфликтни изјави од т.н. меѓународна заедница за тоа како земјата треба да се организира во момент кога кредибилитетот во политичката и економска агенда увезен од странците е главната детерминанта, зошто Македонците се разочарани од транзицијата, статусот во којшто се наоѓаат деновиве, нивното богатство, психичко здравје итн.

**ЖИВОТОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА И НЕЗАДОВОЛСТВОТО ОД НЕГОВОТО ПРАКТИЦИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

Ова беше многу добро документирано во извештајот на ЕБОР насловен како: "Животот во транзиција" – објавен во Мај 2007, во којшто Македонците се наведени како најразочараната нација како резултат на процесот на транзиција помеѓу останатите 29 земји кадешто ЕБОР оперира.

На прашањето: "Дали економската ситуација во Македонија споредена со периодот до 1989, денес е подобрена ", 70 до 80% од испитаниците се изјаснуваат дека ситауцијата е многу полоша. Повеќе од 80% од Македонците веруваат дека има повеќе корупција денес отколку во 1989. Околу 60% се согласни дека довербата во луѓето беше многу поголема во 1989, а околу 15% се согласуваат дека на луѓето може да им се верува.

Само да спомнам дека Колодко, архитектот на реформите во Полска, вели дека главните лекции од полското искуство за транзицијата на економијата е дека теоријата на неолиберализам – ортодоксниот концепт на слободна пазарна економија поддржан за време на консензусот од Вашингтон – се соочува со неуспех во земјите од Источна Европа и од поранешниот Советски сојуз.

Незадоволството од транзицијата е добро позната сторија за животот во Македонија. Првиот заменик премиер на Русија, г-дин Сергеј Иванов е во право кога вели дека поголемиот дел од популацијата во Русија се потпира на Царот како резултат на фактот дека влијанието на граѓанското општество е слабо. Во кого веруваат Македонците е интересна тема која вреди да се истражува.

Во однос на новите инструменти за искористување на најдоброто партнерството меѓу владата и приватниот сектор, некој би можел да помисли дека сторијата се обидува да оди по површината на водата, но Македонија не е Исус Христос. Ова се потврди и пред некое време кога се одвиваа "јавните-бизнис преговори" помеѓу јавното сообраќајно претпријатие во Скопје и претставници од приватното претпријатие за производство на автобуси. Ова беше уште една тажна приказна за тоа како јавната администрација, како на централно така и на локално ниво, се обидува да го задржи нивото на неефикасна превработеност, како и прикриената превработеност преку способности кои не се поклопуваат со со новите начини како да се работи. И сеуште властите и на двете нивоа зборуваат за партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор без ниеден процент доверба во истото. Станува очигледна нивната дефиниција за партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор кога се обидуваат да го префрлат ризикот на приватниот инвеститор и продолжуваат да работат како "во старите времиња".

Во Казан, се обидов да разговарам со некои од потенцијалните инвеститори. Им го презентирав потенцијалот од можностите за инвестирање на локално ниво, потребата од кредитно рангирање за ЕЛС, нивото на инфраструктура во Македонија, но вообичаениот одговор кој го добивав беше дека на локално ниво 10 до 15 милиони EUR е премногу мал износ. Па така, и покрај "вообичаените" транзициони проблеми, Владата на Република Македонија треба да почне да се фокусира на инвеститорите во согласност со она што сакаме ние да го постигнеме а не да се потепаме за "Познат и признат бренд", а се со цел да се прилагодат инвеститорите кон на нашите потреби.

Во однос на примерот за новиот тренд на т.н. структурни производи кадешто инвеститорите стануваат се пософистицирани и бараат се подобри услови за инвестирање. Банките постојано се прилагодуваат а се со цел да ги пресретнат потребите на нивните клиенти. Диверзификација и понудата на различни производи не е да се понудат заеми со различен рок на достасување и различни каматни стапки. Ниската каматна стапка и ниската инфлација го намалија нивото на поврат на пазарот на капитал во развиените земји, а тоа е причината зошто денес, тие се повеќе заинтересирани за растечките пазари. Инвеститорите или сакаат да го зголемат или да го намалат ризикот. Желбата за зголемување на приходите ги принудува да гледаат во насока на пошироки класи на средства, вклучувајќи ги тука и алтернативните средства. Македонија може да понуди повеќе езотерични и кастомизирани производи, а се со цел да се зајакне и подигне нивото на левериџот на приходот. Трендот кај Македонската берза на хартии од вредност се дел од оваа сторија (и не само Македонија; за пример овде може да се земе и бумот на Колумбиската берза на хартии од вредност).

Но зошто да застенеме тука? Владата може да биде проактивна и да понуди на пример, алтернативни енергетски проекти како кастомизирани производи.

За крај Македонија треба да се обиде да ги разбере глобалните движења; мора да се позиционира себе си праоктивно и треба да ја промени нејзината стратегија за крајната цел, а тоа е подобар животенен стандард на сите нејзини граѓани.

## РЕКЛАМИРАЊЕ НА ЦЕА И USAID

Марјан Николов за време на сесијата за НВО, но и за останатите членови дистрибуираше:

- ЦЕА флаери;
- ЦЕА билтени;
- ЦЕА журналот за економија;
- Извештајот за конкурентност изготвен од ЦЕА и НКК.

Исто така, тој оствари бројни разговори со многу луѓе во Казан. На состаноците Марјан Николов ги објасни тековните движења во економијата на Македонија, улогата на ЦЕА во Македонија, како и улогата на донаторите во Македонија, а особено онаа на USAID кадешто тоа беше можно.